Врз основа на член 21 од Законот за работните односи ( Сл. Весник на Република Македонија бр. 62/05........110/19), член 77-ж од Законот за културата ( „Службен Весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, и 11/18), член 11 став 2 алинеа 7 од Статутот бр.01-001/2 од 11.06.2018 година на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје, и член 13 од Правилникот за полагање на аудиција во НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје, а во врска со Предлогот на комисијата за спроведување на постапката за вработување и спроведување на постапка на аудиција по Јавен оглас бр. 1/2021 со арх.бр.0401-129 од 13.04.2021 година, директорот на Установата на ден 14.04.2021 година ја донесе следната:

# Одлука за избор

на кандидат по јавен оглас бр.1/2021

1. Директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје , по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.01/2021 ( со арх.бр. 0401-92/01 од 15.03.2021 година) за прием на работници во работен однос на определено време на работно место : Друг уметник трета група – Музичар Инструменталист Хармоника,шифра **КУЛ 03 04 А05 013** изврши избор на следниот кандидат:

   - **Шкелќим Јахи**

2. До крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" – Скопје, беа доставени вкупно 1 пријава за работното место Музичар Инструменталист - Хармоника.

3. По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе Решение за вработување, а со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на согласноста од **Министерство за финансии бр.18-8281/3 од 31.12.2020 година** за обезбедени финансиски средства за вработување на два извршители на определено време е донесена **Одлука за објавување на Јавен оглас бр. 0401-92 од 15.03.2021 година,** за прием на работници во работен однос на определено време согласно со актот за систематизација на работните места на установата.

Врз основа на одлуката е објавен Јавен оглас на ден 15.03.2021 со арх.бр. 0401-92/01 во дневните весници : Слободен печат, Коха и Нова Македонија за вработување на два (2) извршители на определено време.

За работното место Друг уметник трета група Музичар Инструменталист - Хармоника, до крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" – Скопје беа доставена вкупно 1 пријава.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување формирана со Решение бр.0204-121 од 02.04.2021 година изврши административна проверка на веродостојност на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас, спроведе аудиција со кандидатот кои успешно ја поминал постапката за веродостојност на доказите и по завршуавњето на аудицијата до директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје достави предлог на кандидат за вработување за работното место Друг уметник трета група, Музичар Инструменталист - Хармоника со бр. 0401-129 од 13.04.2021 година.

По извршената проверка е констатирана дека кандидатот Шкелќим Јахи ги исполнува условите за работното место Музичар Инструменталист – Хармоника.

Од страна на Комисијата е составен Записник, со конечна ранг-листа на селектраните кандидати.

Имајќи го во предвид горенаведенот, директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"- Скопје, во рок од 8 дена од денот на приемот на истата.

Доставено до:

- Архива
- Кандаидатот

Директор

Шкодран Толај